## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3591.**

Врз основа на член 27 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09 и 115/10), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.12.2010 година, донесе

### УРЕДБА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА НОРМАТИВИ И СТАНДАРДИ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИ И ЗА ВРШЕЊЕ НА ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10), во член 15 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„Најмалку еден од научно-истражувачките трудови од ставот (1) на овој член да биде објавен во меѓународни научни списанија со импакт фактор."

Ставовите (2), (3) и (4) стануваат (3), (4) и (5).

Во ставот (5) кој станува став (6) по зборот „списанија" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „односно еден рецензиран научно-истражувачки труд во списание со импакт фактор."

Во ставот (6) кој станува став (7) по зборовите: „вкупниот број на членови" се додаваат зборовите: „и кое излегува најмалку пет години и има најмалку десет објавувања годишно".

Член 2

Постојните високообразовни установи кои изведуваат студиски програми од трет циклус на универзитетски докторски студии, менторот на докторскиот труд треба да има:

- во 2010 година најмалку два објавен рецензиран научно-истражувачки труд во меѓународни научни списанија, во дадено поле, во последните пет години и најмалку едно учество на меѓународни собири во последните четири години;
- од 1 јануари 2011 година најмалку три објавени рецензирани научно-истражувачки трудови во меѓународни научни списанија, во дадено поле, во последните пет години и најмалку две учества на меѓународни собири во последните четири години и
- од 1 јануари 2012 година најмалку четири објавени рецензирани научно-истражувачки трудови во меѓународни научни списанија, во дадено поле, во последните пет години и најмалку три учества на меѓународни собири во последните четири години."

Член 3

Одредбата од член 1 став 1 на оваа уредба започнува да се применува од 1 јануари 2015 година.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 51-7390/1
1 декември 2010 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.